**Јавна установа Национален парк Шар Планина**
Република Северна Македонија

**Institucioni publik Parku kombëtar Mali Sharr**
Republika e Maqedonisë së Veriut

# Годишен извештај за работа на Јавна Установа Национален парк Шар Планина



2022 година

# Содржина

Содржина ........ 2
Вовед ........ 3
Активности за управување, менаџмент, организација на работата и човечки ресурси ........ 4
Финансиска поддршка ........ 6
Реализирани активности поврзани со институционалното зајакнување на Јавната Установа ........ 8
Активности кои се однесуваат на одржливо користење и заштита на природните ресурси ........ 10
Комуникација со јавност и соработка со други чинители ........ 11
Дополнителни активности ........ 15
Обуки за вработените ........ 17
Галерија од активностите на ЈУНПШП ........ 18

# Вовед

Националниот парк Шар Планина е новопрогласено заштитено подрачје во Република Северна Македонија. Дел од Шар Планина е прогласен за Национален парк од II категорија на 30 јуни 2021 година. Преку 75% од територијата на Паркот е во високо ниво на заштита, според стандардите на IUCN. Иако подрачјето е прогласено за заштитено повеќе од година и половина, основните административни процедури за неговото функционирање не беа завршени до март 2022 година, како што се: усвојување на Статут на институцијата, регистрација во Централниот Регистарски Систем, регистрирање на институционалните печати, именување на Управен Одбор, извори на финансирање, статус на вработените во персоналот итн. Директорот на НП беше единствениот вработен во Јавната Установа до средината на ноември 2022 година. Претходно наведените причини ја принудија институцијата да ги реши сите предизвици со мал тим на надворешно ангажирани консултанти кои даваа поддршка во воспоставувањето на процедурите, одговарање на законските обврски за новата институција и идентификување на можните незаконски активности и прибирање на информации. Работејќи како надворешни консултанти, овие лица не беа овластени да спроведуваат службени постапки во име на Јавната Установа како ренџерски патроли, поднесување пријави и сл.

Покрај споменатите предизвици, тимот за поддршка во оваа новоформирана институција се соочи со дополнителни административни оптоварувања како одобрувања за вработувања и спроведување тендерски постапки.

Согласно Програмата за заштита на природата за 2022 год., а земајќи ги во предвид наведените предизвици, ЈУНПШП во 2022 год. даде главен приоритет на реализирање на активностите поврзани со управувањето, менаџментот, организацијата на работата и финансирањето на новата институција.

Дополнително, во согласност со можностите беа реализирани и други активности кои се наведени во продолжение.

## Активности за управување, менаџмент, организација на работата и човечки ресурси

На почетокот на 2022 година, по именување на членовите на УО од страна на Владата на Република Северна Македонија, избран е и претседател на Управен Одбор.

Во текот на 2022 година, У.О. на ЈУНПШП одржа седум (7) седници.

Од Управниот Одбор на ЈУНПШП во тек на 2022 година донесени се:

- Статутот на ЈУНПШП за кој согласност даде Владата на РСМ;
- Правилникот за работа на Управниот Одбор по кој истиот работи и ги води седниците во ЈУНПШП;
- Правилникот за внатрешна организација со кој се уредуваат: појдовните основи, видот и бројот на организациските единици, делокругот на работа на организационите единици, начин, форми на раководење и управување и внатрешната поврзаност на организационите делови во функционирањето на установата, како и графички приказ на внатрешната организација (органограм);
- Годишниот план за вработување за 2022 година и Годишен план за работа за 2023 година, за кои се дадени објаснувања во продолжение на извештајот;
- Годишната завршна сметка за 2021 година;
- Финансискиот извештај за 2022 година и финансискиот план за 2023 година, за кои се дадени објаснувања во продолжение на извештајот;
- Подготовка и ревизија на план за јавни набавки за 2022 година, како и подготовка на план за јавни набавки за 2023 година;
- Анализа за проценка на ризиците натериторија на НП Шар Планина за природните вредности која ги вклучува и ризиците врз вработените во институцијата и нејзините основни материјални средства. Овој извештај беше презентиран на Управниот Одбор на НП и истиот се користи за подобрување на управувањето со НП.
- Донесена е одлука за утврдување на цената на огревното дрво од државни шуми за сопствени потреби за граѓани со место на живеење во територијата на Националниот Парк.

Во текот на 2022 година процесот на трудот на Јавната установа го водеше и организираше раководниот орган на ЈУНПШП, ВД Директорот. На 27.05.2022 година донесен е Правилникот за систематизација на работните места на Јавната установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија, бр.139-03/01.

Во планот за вработување за 2022 година беше предвидено вработување на десет лица на неопределено работно време на следните работни места: Виш соработник за правни работи; Помлад соработник за ИТ; Помлад соработник преведувач; Референт – архивар; Раководител на одделение за заштита на природата; Чувар во заштитено подрачје (4) извршители и Раководител на одделение за одржливо користење на природни ресурси. Согласност планот за вработување е добиена согласност од страна на Министерството за информатичко општество и аминистрација, Министерството за финансии и

Министерството за животна средина и просторно планирање. Од сите наведените работни места согласно Планот за вработување за 2022 година, шест (6) се реализирани во текот на 2022 година, односно се пополни работното место за Раководител на одделение за заштита на природата; Чувар во заштитено подрачје (4) извршители и Раководител на одделение за одржливо користење на природни ресурси. Две работни места: Виш соработник за правни работи и Помлад соработник за ИТ се во последна фаза на реализација и за тоа се чека Согласност од Министерство за финанси за продолжување на согласноста за вработување од 2022 година во 2023 година. Работните места: Помлад соработник преведувач и Референт – архивар предвидени со Годишен План за вработување за 2022 година не се пополнети во тек на 2022 година.

Во согласност со Правилникот за систематизација на работните места се подготви План за вработување за 2023 година кој беше усвоен од Управниот одбор на ЈУНПШП, на 23.09.2022, бр. 333-02/-01 година, а на ден 26.09.2022 година со предмет – достава бр.338-03/01 е доставен до Министерство за животна средина, Министерство за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација за согласност.

Министерството за финансии достави Известување по годишен план за вработување за 2023 година, број 08-150/360 од 10.10.2022 година, со што беше укажано дека во однос на Годишниот план за вработување во ЈУНПШП за 2023 година, потребно е да се има во предвид мислењето од надлежното министерство.

Министерството за информатичко општество и администрација достави Мислење по годишен план за вработување за 2023 година, број 09-4138/2 од 20.10.2022 година, со што беше укажано дека во однос на Годишниот план за вработување во ЈУНПШП за 2023 година, потребно е да се достави финасиска согласност од органот надлежен за финансирање.

Од Министерството за животна средина добиено е Известување бр. 05-490/1 од 17.01.2023 година за доделување финасиски средства за тековно работење на ЈУНП Шар Планина во износ од 9.000.000 денари, за потребна измена на Годишниот план за вработување за 2023 година.

Со измените на Годишниот план за вработување за 2023 година, планирани се следниве работни места: Советник за финансики работи; Соработник за управување и контрола со други шумски производи и пасишта; Соработник за развој и промотивни активности на терен; Помлад соработник преведувач; Референт – архивар; Чувар во заштитено подрачје – пет (5) извршители и Шумарски техничар -одговорен на реон – два (2) извршители.

Причината за пополнување на наведените работни места е поради потребата за непречено одвивање на работниот процес и работните задачи, а до моментот на подготовка на овој извештај не е добиена позитивна согласност за ниту еден од поднесените документи, Програма за заштита на природата за 2023 година, Годишен план за вработување за 2023 година и Одобрување за финансиски план за 2023 година.

## Финансиска поддршка

ЈУНПШП е институција која функционира со самофинансирање, но во текот на 2021 и 2022 година има добиено ограничена поддршка од Владата на Северна Македонија со цел да се изградат основните капацитети на Установата. Деталниот приказ на финансиското работење е даден во финансискиот извештај за 2022 година и во финансискиот план за 2023 година.

Имајќи во предвид дека предвидените средствата од државата не се доволни за неопходните оперативни и материјални трошоци на институцијата, тимот на ЈУНПШП посветено работеше на обезбедување дополнителна донаторска поддршка.

Во продолжение е даден преглед на донаторите и тематската поддршка која истите ја обезбедуваат, додека деталниот финансиски преглед е прикажан во финансискиот извештај за 2022 година, а за повеќегодишните договори и во финансискиот план за 2023 година.

- Обезбедени средства за основно функционирање од Владата на РСМ.
- Седуммесечен подготвителен грант од Фондот за заштита на природата Преспа Охрид, со фокус на поставување на потребните основни процедури и оперативно функционирање на новата институција. Договорот е завршен во декември 2022 година.
- Подготвен и одобрен нов грант од ПОНТ за 2023 година, договорот е потпишан во декември 2022 и важи до 31 декември 2023 година.
- Глобална организација за заштита на природата, тековен договор (2022-2026) - средствата се насочени за покривање на оперативни и материјални трошоци за спречување на нелегални активности на територија на Национален парк Шар Планина.



*Посета на претставник на Глобалната организација за заштита на природата*

- ЈУНПШП е корисник и на резултатите од спроведувањето на активности на две граѓански организации, Еко Свест и ЦНВП. Финансиската поддршка за спроведувањето на активностите поврзани со следење на минималниот еколошки проток на вода во малите хидроцентрали, прашањата поврзани со други шумски производи и туристичките аспекти ја обезбедува ПОНТ, директно на двете организаци.
- Со донаторска помош на УНЕП, ПОНТ и Глобалната организација за заштита на природата беа обезбедени три теренски возила, една моторна санка, четири лаптопи и есенска униформа за неколку од ангажираните лица во Паркот.
- Поднесен предлог проект за прекуграничната програма на ЕУ со Косово, поврзана со туризмот и поддршка на локалниот економски развој. Процесот на одобрување на вакви проекти е долг и до овој момент не е добиен никаков одговор за поднесениот предлог.
- ЈУНПШП беше вклучена и во подготовката на 4-годишен проект заедно со УНЕП и МЖСПП, а финансиран од ГЕФ. Проектот е одобрен и ќе се спроведува од почетокот на 2023 година преку неколку невладини организации, додека ЈУНПШП ќе биде главниот корисник на резултатите од проектот. Ова се дел од специфичните теми кои ќе бидат таргетирани со проектот: Подготовка на планови за управување со шумите, воспоставување систем за електронско следење на дрвната маса, инвентар на пасишта, обука на овчари и поддршка на неколку бачила за подобрување на основните услови, воведување нов начин за управување-управување со пејзажи, воспоставување систем за електронско следење на биодиверзитетот и редовно известување за националните и меѓународните барања, поддршка на туристичкиот сектор во обележувањето на патеките според националниот стандарден систем и поддршка во подигнувањето на свеста на локалното население.

## Реализирани активности поврзани со институционалното зајакнување на Јавната Установа

Во текот на 2022 година, ЈУНПШП до Владата на Република Северна Македонија поднесе Информација бр. 03-82/1 од 06.04.2022 и Дополнување на информација бр.03-128/01 од 18.05.2022 година за одредување на локација на работни простори на ЈУНП Шар Планина.

Со Извадок од Нацрт-записникот од шеесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија бр.41-17/69 од 16 август 2022 година, се задолжува АД Електрани на Северна Македонија да ги даде на користење без надомест на неопределено време деловните простори (околу 300 $м^2$), запишан во Имотен лист бр.27706 за КО Тетово, општина Тетово на Јавната Установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија.

На ден 30.09.2022, Јавната Установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија и Друштвото за туризам угостителство рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје склучија Договор за отстапување на правото на користење на дел од недвижен имот бр. 343-04/01, а врз основа на Одлуката од Управниот одбор на АД Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, УО бр.02-4748/327/6 од 19.08.2022, со што недвижен имот-дел од деловна зграда, Ресторан со тоалет, намена на објектот - деловна зграда вон стопанство, со површина од 308 $м^2$ евидентирана во Имотен лист бр. 27706, за КО Тетово 2, лоцирана на ул. „Мурат Бафтијари“ бб Тетово, дел од приземно ниво со вкупна површина од 437 $м^2$, се дава на користење без надомест на неопределено време на Јавната Установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија со што се обезбедуваа соодветен работен простор за вработените во ЈУНП Шар Планина, Република Северна Македонија. Со ова е реализирана активноста 8.1.2 Обезбедување соодветни работни простории за вработените во органот за управување со заштитеното подрачје од Потпрограмата за институционално зајакнување на заштитеното подрачје на Годишниот план за работа (точка 5.8.1. од Планот за управување).




*Канцелариите на ЈУНПШП*

Обезбедениот простор е во лоша состојба и како таков не е соодветен да биде веднаш ставен во функција. Со цел да се обезбедат минимални услови во зимските месеци, ЈУНПШП прегради само една просторија која се затоплува и од која функционираат сите вработени. Земајќи ја во предвид лошата состојба на просторот, потребно е да се направи негово реновирање и прилагодување за потребите на Јавната Установа и нејзините служби. За ваквото реновирање е неопходно е да се обезбедаат финансиски средства. Во овој поглед Установата немаше поддршка од страна на Владата и основните потребни средства беа обезбедени со донаторска поддршка.

Како дел од неопходните документи за непречено институционално функционирање на ЈУНПШП е усвојувањето на Нацрт-планот за управување со националниот парк за периодот од 2022- 2031 година. Во заедничка организација со МЖСПП, поддржана од УНЕП, во септември месец беше организирана јавна расправа по нацрт планот. По добиените коментари, во консултации со МЖСПП и експерти, беше даден одговор на сите прашања. Исто така беше запазен законскиот рок за заокружување на постапката, а по Нацрт-планот беа направени минимални промени во двете верзии, на македонски и албански јазик. Како дел од постапката за усвојување на Ннацрт-планот за управување со Националниот парк Шар Планина беше изработен и Извештај за стратегиска оцена на животната средина (СЕА) за планот за управување со Национален парк Шар Планина (2022-2031). Единствена препорака која произлегува од овој извештај е да се спроведува предложениот план за управување. Подготвениот Ннацрт-план за управување заедно со позитивното мислење за СЕА се навремено поднесени во МЖСПП. До моментот на изготвување на овој извештај, Нацрт-планот за управување со Национален парк Шар Планина сеуште не е одобрен од МЖСПП.

## Активности кои се однесуваат на одржливо користење и заштита на природните ресурси

Земајќи ги во предвид околностите дека првите вработени, раководителите на одделението за заштита на природата и одржливо користење на природните ресурси, беа вработени во втората половина на месец ноември 2022 година, ЈУНПШП немаше законска можност да спроведува директни активности во насока на користење или заштита, освен подготвителните активности кои се наведени во продолжение:

- Подготовка на Годишен план за работа за 2022 и 2023 година.
- Подготовка на упатство и формулари потребни за ознака за сеча, сеча, дотур, прием, испорака и продажба на дрвна маса во согласност со важечките законски и подзаконски акти, заради утврдување и дефинирање на улогата и одговорноста на вработените извршители во ЈУНПШП.
- Подготовка на Годишен оперативен план за заштита на шумите од пожари за 2023 година.
- Идентификување на потребите за подготовка на десетгодишен план и годишна програма за управување со диви животни како и подготовка на техничка спецификација за објавување на јавната набавка за изработка на истите.
- Подготвена е листа на обврзувачки документи потребни за функционирање на ЈУНПШП со задолжителни временски рокови за поднесување на истите.
- Подготовка на Правилник за комуникација и процедури во Јавна Установа Национален парк Шар Планина кој ќе се усвои од Управниот Одбор на ЈУНП Шар Планина, Република Северна Македонија во почетокот на 2023 година.
- На територија на НП Шар Планина беа активни 3 пожари кои беа успешно локализирани по брзата интервенција на тимот на ЈУНПШП, со минимална опрема и човечки ресурси.
- Поднесено барање до Дирекцијата за заштита и спасување за обезбедување на основни материјални средства за брза интервенција при појава на пожар на територија на Национален парк Шар Планина. Од ДЗС е добиена усмена потврда дека овие средства се оделени за потребите на ЈУНПШП, но во отсуство на Владина позитивна одлука средствата сеуште не се обезбедени.
- Спроведени се голем број заеднички состаноци со органите на управување на редовната полиција и граничната полиција, што резултираше со повеќе здружени патроли на територијата на Националниот парк.

## Комуникација со јавност и соработка со други чинители

Со цел да ги информира сите релевантни чинители, во сите седум општини на територијата на Национален Парк Шар Планина, во март месец 2022 година, ЈНУПШП испрати допис со информации за воспоставувањето на Националниот Парк и новата Јавна Установа. Како дел од овој допис беа наведени и надворешните граници (наративно и со картографски приказ) на новото заштитено подрачје со потсетување дека ЈНУПШП интегрално управува со просторот и за секое дејствување на оваа територија е потребно мислење од институцијата или нејзино информирање.

За непречена визуелна оперативност ЈУНПШП изготви и лого на новото заштитено подрачје, а за одржување на комуникацијата со јавноста беше подготвена веб страна https://www.sarmountain.org.mk/ и профил на институцијата на фејсбук https://www.facebook.com/IPSharPlanina

Во рамки на територијата на Националниот парк Шар Планина има 27 села, од кои 25 се постојано населени. Во периодот јуни – ноември се реализирани повеќе од 15 официјални средби и паралелно со редовните теренски посети патролниот тим комуницираше со секој поединец кој е сретнат (овчари, собирачи на други шумски производи, планинари, сопственици на шуми, локални жители итн.).






*Средби со локално население*

Во текот на 2022 година ЈУНПШП оствари средби со претставници на другите национални паркови во Македонија и воспостави директен контакт со мрежата на заштитени подрачја - паркови Динариди. Како конкретно продолжение на дискусијата се прошири воспоставувањето контакт со НП Копаоник во однос на плаќањето на екосистемските услуги. Претставници од ЈУНПШП го посетија Националниот парк Копаоник во Република Србија, каде беше утврден првиот чекор за идна соработка помеѓу двата парка.

На почетокот на декември, ЈУНПШП потпиша меморандум за соработка со ЦНВП со цел двете страни да имаат редовни координативни состаноци и транспарентно споделување на информации во спроведувањето на тековниот проект поддржан од ПОНТ.

Исто така во јули месец, ЈУНПШП потпиша меморандум за соработка со Универзитетот во Тетово со цел да се организираат заеднички активности како што се семинари, конференции, работилници итн. Спроведување и реализација на проекти во областа на истражување, управување со проекти, управување со искуства и знаења, и стратешки менаџмент. Како резултат на овој Меморандум за соработка, Тетовскиот универзитет се согласи да ја поддржи ЈУНПШП со канцелариска опрема.

Во месец декември ЈУНПШП и Националниот парк Галичица потпишаа меморандум за соработка за имплементација на подлабока соработка помеѓу двете институции со цел зголемување на унапредувањето на заштитата на природата, како и создавање на подобра соработка помеѓу двете институции во областа на нивните аспекти поврзани со нивните главни работни активности.

Во ноември месец ЈУНПШП и Шумарскиот факултет Ханс Ем (ХЕФ), при Универзитетот Свети Кирил и Методиј - Скопје, потпишаа меморандум за соработка, со цел да се унапреди високообразовната и научноистражувачка дејност на ХЕФ, како и редовните активности на ЈУНПШП при изработка и спроведување на проекти во областа на шумарството, заштита и унапредување на животната средина, вклучувајќи ги следните аспекти: заштита и одгледување на шумските екосистеми, проценка на здравствена состојба на шумите, фитопатолошка и ентомолошка заштита, педолошки анализи, екологија и одржлив развој, заштита на земјиштето од ерозија, уредување на поројни водотеци и рекултивација на депонии (со акцент на биолошките аспекти), управување со опасности и ризици од природни непогоди, датабази на вегетацијата, демаркација на границите на заштитеното подрачје, зоните, одделите и пододделите, социоекономски аспекти на шумските екосистеми и пасиштата, теренска и научноистражувачка работа, како и обуки за трансфер на знаења во наведените области.

Националниот парк, исто така, стапи во контакт и имаше неколку состаноци со управните органи на заштитеното подрачје Кораб-Коритник во Албанија.

Во текот на цела 2022 година ЈУНПШП имаше бројни продуктивни и консултативни средби со претставници на Националниот парк Пелистер и Националниот парк Маврово, воспоставени се комуникации и координација помеѓу парковите и се планира потпишување на меморандуми за 2023 година.

Беа реализирани два состаноци и со надлежните од Националниот парк Шар Планина од Република Косово, а како резултат во август 2022 година беше потпишан меморандум за соработка за прекугранична соработка и аплицирање за прекугранични грантови во фондовите на ЕУ за зачувување на природата.



*Работна средба во Косово*

Во текот на 2022 година, управата на ЈУНПШП одржа бројни продуктивни средби со сите Општини кои спаѓаат во границите на НП и воспоставени се директни комуникациски линии со претставниците на Општините. Како еден од најконкретните резултати на оваа остварена соработка треба да се спомене соработката со Општина Гостивар која се обврза да обезбеди монтажен објект во центарот на Гостивар за потребите на ЈУНПШП. Потпишувањето на меморандумот е планирано за 2023 година.

Воспоставена е комуникација и реализирани се две средби со компанијата "Човекот и планината" ДОО со цел да се планира и реализира настан „Генералка викенд" за мај 2023 година.

ЈУНПШП потпиша документ за соработка со ЦЕД, граѓанска организација, во кој се утврдени активностите во идната соработка при спроведување на проектот поддржан од ПОНТ, а во насока на исполнување на целите од планот за управување на НП Шар Планина.

Одржани се неколку средби со планинарските здруженија кои делуваат на територијата на Националниот парк Шар Планина со цел да ги информира планинарските клубови за тековните активности, но и да собере теренски информации за сите нелегални активности. Дополнително беше потпишан и договор за соработка со Планинарското здружение на Љуботен. Овој договор исто така ги дефинира активностите во идната соработка при спроведување на проектот поддржан од ПОНТ, а во насока на исполнување на целите од планот за управување на НП Шар Планина.




*Средба со претставници на планинарски клубови*

Беше воспоставена конструктивна комуникација и соработка со Здружението на Волонтери пожарникари, каде тие покажаа подготвеност да помогнат на ЈУНПШП во иднина кога ќе има шумски пожари на територијата на Националниот парк Шар Планина. Во периодот на јуни-јули беше одржана обука за 30 лица и беше потпишан меморандум за соработка.

Во месец ноември 2022 година беше потпишан и меморандум за соработка со граѓанската организација Еко-Свест, со цел двете страни да се координираат во идентификување и документирање на заканите за реките на територијата на Националниот парк Шар Планина, како и спроведување на добри практики во заштитата на ендемските и ретките видови. Спроведување на заедничка обука за зајакнување и развивање на професионални практики за следење на реките и планирање на мерки за обнова на речните екосистеми.

Во текот на 2022 беа одржани бројни состаноци со ловните друштва кои имале концесии за лов на територија на Паркот до моментот на неговото прогласување. Врз основа на Решението за одобрување на ловење на дивеч под заштита и преземени мерки од Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) во однос на појавата на африканска чума кај свињите донесено од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр.50-8629/1 од 30.08.2022 година и Решението на АХВ за контролни и заштитни мерки во однос на болеста африканска чума кај свињите бр. 10-2257/2 од 03.08.2022 година и измените и дополнувањата на ова Решение, Јавната установа Национален парк Шар Планина склучи договори за соработка со ловечките друштва Кучи Баба, Шќипоња е шарит, Шар Планина и Љуботен.

## Дополнителни активности

Во текот на 2022 година по предвидените активности во Годишната програма за 2022 година, ЈУНПШП:

- Одржуваше редовна комуникација со сите заинтересирани страни, релевантни институции и редовна соработка и партнерства со локалните самоуправи.
- Подготви и испрати известување за граници на заштитеното подрачје со информација дека за сите активности кои се случуваат на територија на НП Шар Планина, ЈУНПШП интегрирано управува со просторот и задолжително е барање на мислење од органот кој управува со заштитеното подрачје.
- ВД директорот на ЈУНПШП, Управниот одбор на ЈУНПШП во тек на 2022 година формира Научен совет како советодавно тело на институцијата. Научниот совет за својата работа во текот на 2022 година донесе Деловник кој беше одобрен од Управниот одбор на ЈУНПШП (Деловник за работа на научниот совет на ЈУНП Шар Планина, Република Северна Македонија);
- ВД директорот на ЈУНПШП исто така формираше Совет на засегнати страни кој за својата работа донесе Деловник. Деловникот за работа на советот на засегнати страни на ЈУНПШП беше одобрен од Управниот одбор на институцијата. Советот на засегнати страни е составен од претставници од секоја од седумте општини на територијата на Националниот парк, претставници од планинарските здруженија и претставници од бизнис заедницата (хотели, ресторани, велосипедизам, планинарење и бесплатни скијачки услуги). Овој состанок беше важен за информирање на сите засегнати страни и во духот на транспарентноста управувачкиот орган на НП ги вклучи во процесот на проценка на неговото ефективно управување.




*Состанок со совет на засегнати страни*

- На три локации во територијата на НП Шар Планина во ноември месец се пошумија 33 хектари во атарите на селата Ѓурѓевиште и Врановце, каде буковата шума била уништена од шумски пожари во претходните години. Пошумувањето на 107 400 висококвалитетни садници од автохтони видови дрвја го изврши Градинарскиот центар Фоја, а беше реализирано под надзор на стручни лица од обласа на шумарството. Пошумувањето беше поддржано од УНДП Македонија во рамки на проектот „Подобрување на отпорноста од поплави на Полошкиот Регион“ и беа пошумени следните количини: Pinus silvestris 10 700 садници, Abies alba 10 700 садници, Picea abies 10 700 садници, Fagus sylv.moesiaca 37 330 садници, Acer pseudoplatanus 15 000 садници, Acer platanoides 18 000 садници и Carpinus betulus 5 000 садници.
- Во текот на 2022 година ЈУНПШП започна консултативен процес со другите Национални паркови за унифицирање на висината на надоместоците за вршење дејности и активности во Национален парк.
- Во текот на летните месеци тимот на ЈУНПШП го следеше чистењето на повеќе од 10 нелегални депонии на територијата на заштитеното подрачје. Проектот беше поддржан од Министерството за животна средина и просторно планирање и УНДП. Во 2023 година НП ќе подготви и постави информативни табли на овие локации за забрането депонирање на цврст отпад.
- Во текот на декември, самите вработени во НП започнаа со изградба на информативни табли кои ќе бидат поставени на влезовите во Паркот со цел да ги информираат локалните жители и посетителите за границите, заштитните зони и дозволените и забранетите активноти во заштитеното подрачје.

## Обуки за вработените

Во тек на 2022 година беше организирана активност во рамките на грантот на Планинарскиот клуб Љуботен поддржан од ПОНТ и се реализираше студиското патување во Националните паркови во Валбона и Тетх со цел посета на сместувачки капацитети, кетеринг објекти, агенции кои работат во областа на планинскиот туризам и средби со претставници од споменатите ентитети. На студиското патување присустуваа претставници од ЈУНПШП кои остварија средби со претставниците на двата парка и се запознаа со применетите методологии за тоа како пристапуваат кон нелегалните активности што се случуваат во заштитните зони и со оваа се изврши надоградување на познавањата од оваа област.



*Посета на Албанија*

Во тек на 2022 година ЈУНПШП со свои претставници учествуваше на серија модули кои се реализираа како дел од обуката за екосистемски услуги спроведени од "Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија" и на серија обуки во рамките на проектот Натура 2000, финансиран од ЕУ.

Во рамките на тековното работење, раководителите на одделенијата за заштита на природа и одржливо користење на природни ресурси одржаа низа на едукативни сесии за чуварите на заштитеното подрачје како дел од подготовката за започнување на процесот за лиценцирање на истите.

## Галерија од активностите на ЈУНПШП



*Регистрирани активности за нелегално обезбедување на огревно дрво*



*Средба со претставници на полиција во Полициското одделение во Гостивар*



*Тестирање на трап-камери*




*Средби со претставници на ловни друштва*



*Теренска патрола со гранична полиција*





*Теренски патроли со редовна полиција*








*Заедничка патрола со граничната и шумската полиција*

*Конфискувано оружје при регистриран недозволен лов*





*Конфискувано оружје при регистриран недозволен лов*




*Утврдено неодобрено отворање на пат на територија на НП Шар Планина*



*Нелегално изграден пат*



*Размена на искуства со другите НП и нивната опрема.*





*Чистење на нелегални депонии во НП*





*Чистење на отпад на места за пикник во организација на НП*



*Учесници на противпожарната обука*





*Противпожарната обука, Попова Шапка, јуни 2022 година*



*Борба против шумски пожари*



*Пошумување*








*Подготовка на промотивното видео*







*Градење на информативни табли*